МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 33 став 10 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СТАНИЦА ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА ДОБИТОК

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за одобрување на станица за тестирање на добиток.

## Член 2

Барањето за одобрување на станица за тестирање на добиток се поднесува на образец на хартија во бела боја во А-4 формат.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице- подносител на барањето, адреса и седиште на правното лице-подносител на барањето, ЕМБС на правното лице, име и презиме на одговорното лице во правното лице, контакт телефон, датум и место на поднесување на барањето, потпис на подносителот на барањето и место за печат.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на

Законот за изменување и дополнување на Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/16).

Бр.14-3914/4 Министер за земјоделство,

5 мај 2016 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог

ДО
Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ
за одобрување на станица за тестирање на добиток

од

_______________________________________________
(назив на правното лице-подносител на барањето)

_______________________________________________
(адреса и седиште на правното лице-подносител на барањето)

со _______________________________
(ЕМБС на правното лице)

_______________________________________________
(име и презиме на одговорното лице во правното лице)

_______________________________
(контакт телефон)

датум и место

_______________

подносител на барањето

_______________________________
с.р.

М.П